Уп. бр. 08- 74

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Телемах, Друштво за пружање услуги во областа на телекомуникации д.о.о. Сараево, со седиште на ул. Џемал Биједиќ број 216, Илиџа-Сараево, Босна и Херцеговина, доставено преку полномошник Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 25.09.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која трговското друштво Телемах, Друштво за пружање услуги во областа на телекомуникации д.о.о. Сараево, со седиште на ул. Џемал Биједиќ број 216, Илиџа-Сараево, Босна и Херцеговина, ќе стекне самостојна контрола над одредени делови од друштвото ТРИОН ТЕЛ д.о.о. Бања Лука, со седиште на адреса Видовданска 8, 78000 Бања Лука, Босна и Херцеговина и тоа над одреден имот и права кои се користат за обавување на телекомуникациски дејности, не потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 5.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 722313000.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 26.08.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од Телемах, Друштво за пружање услуги во областа на телекомуникации д.о.о. Сараево, со седиште на ул. Џемал Биједиќ број 216, Илиџа-Сараево, Босна и Херцеговина (во понатамошниот текст: Телемах), со која Телемах, ќе стекне контрола над одредени делови од друштвото ТРИОН ТЕЛ д.о.о. Бања Лука, со седиште на адреса Видовданска 8, 78000 Бања Лука, Босна и Херцеговина и тоа над одреден имот и права кои се користат за вршење на телекомуникациски дејности.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истиото го утврди следното:

Телемах е активно во обезбедувањето на телекомуникациски услуги на територијата на Босна и Херцеговина. Телемах е телекомуникациски оператор во Босна и Херцеговина кој дистрибуира медиумски содржини преку кабелска техничка платформа, ОТТ и сателитска платформа (ДТХ) и обезбедува услуга на пристап на интернет и поврзани услуги, како и услуги на фиксна телефонија на претплатниците.

Телемах е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

Телемах е дел од потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп, која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави од регионот.

Во Северна Македонија БЦ Партнерс има регистрирано присуство преку следниве индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа;
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со маркетиншки дејности.

Исто така, на територијата на Република Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- Телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги: N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Ultra/Mini Ultra, FightChannel, Orlando Kids, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainzи Nova S (Јунајтед Медиа (United Media));
- Услуги за огласување (Дирецт Медиа, Кас Медиа (Cas Media));
- Телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат и Србија Бродбенд – Српске кабловске мрежед.о.о. Белград и Телемахд.о.о. Љубљана).

БЦ Партнерс оствариле и одредени ограничени приходи преку други портфолио друштва: Springer Nature, Pharmathen и Keter.

Трион Тел д.о.о. исто така врши обезбедување на телекомуникациски услуги на територијата на Босна и Херцеговина.

Подносителопт, во известувањето наведува дека во моментот на поднесување на Известувањето, Трион Тел д.о.о. има корисници на телекомуникациски услуги на подрачјето на градот Бања Лука, оптичка мрежна инфраструктура која е во дел

изградена и во одреден дел се гради на подрачјето на градот Бања Лука. XXX [1]Во секој случај, предметот на Трансакцијата е врзан само за имотот и работењето на Трион Тел д.о.о. кој се користи или ќе се користи за обезбедување телекомуникациски услуги, а не и за други евентуални дејности на Трион Тел д.о.о., ниту за удели во тоа трговско друштво. Односно предметната Концентрација се однесува на купување имот – XXX.

Понатаму Подносителот наведува дека предметната трансакција ќе биде спроведена во согласност со условите на предвидениот Меморандум за разбирање кој е потпишан од страна на Телемах и Трион Тел д.о.о. на ден 23 јули 2019 година. Во Меморандумот, Телемах и Трион Тел д.о.о. ги утврдиле условите, односно ги договориле определивите параметри во однос на битните елементи (предмет и цена) на Трансакцијата, оттука Трансакцијата ќе стапи во сила по исполнувањето на предвидените услови од Меморандумот. XXX Во согласност со ова, може да се смета дека подносителот нема да преземе контрола над Целниот имот на Трион Тел д.о.о. во овој момент, односно до евентуалното исполнување на соодветните услови.

Во конкретниот случај имајќи ги во предвид податоците и документите доставени со известувањето XXX може да се смета дека подносителот нема да преземе контрола над Целниот имот на Трион Тел д.о.о. во овој момент, односно до евентуалното исполнување на соодветните услови, Комисијата утврди дека во конкретниот случај, во овој момент не настанува концентрација согласно член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 1) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**

[1] Податоците претставуваат деловна тајна